Согласно Програмата за капитални трансфери финансиска за невладини организации во областа на земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.166/17), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за доставување на барање за користење на средства за реализација на Програмата за капитални трансфери за невладини организации од областа на земјоделството и руралниот развој**

## I. ПРЕДМЕТ

Предмет на овој јавен повик е реализација на средствата утврдени согласно Буџетот на Република Македонија за 2017 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 191/16 и 109/17) раздел 14001 – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, програма 3 – Земјоделство и рурален развој, потпрограма 30 Земјоделство, ставка 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 30.000.000,00 денари чии средства ќе се користат за субвенционирање на апликативни проекти кои имаат за цел:

- Поддршка во процесот на земјоделско производство;
- Подобрување на човечки ресурси во земјоделството и руралниот развој;
- Пренос на знаење за подобра искористеност на програмите во областа на земјоделството и руралниот развој;

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавниот повик имаат здруженија на граѓани регистрирани во Република Македонија.

## *III. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ*

За докажување на условите кои треба да се исполнат за учество на Јавниот повик, понудувачите задолжително треба да ја достават следната документација:

- Тековна состојба на барателот од Централен регистар на Република Македонија;
- Изјава дека за иста намена и активности наведени во барањето не користел средства од друг орган на државна управа или други извори што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори;
- Доказ од Централен регистар на Република Македонија дека не е поведена стечајна и ликвидациона постапка и
- Доказ од Управа за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки.

## IV. РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊЕ

Крајниот рок на доставување на барањето е најдоцна до 30 ноември 2017 година. Барањата кои нема да бидат доставени во предвидениот рок нема да бидат разгледувани.

## V. ИЗНОС НА СРЕДСТВА И ОДОБРУВАЊЕ НА БАРАЊА

Максималниот износ на средства предвиден за дел I на овој јавен повик изнесува 3.000.000,00 (три милони) денари од вредноста на прифатливите трошоци за проектот и тоа: подготовка и печатење на едукативни и информативни материјали, трошоци за реализација на активностите за спроведување на проектот, закуп на простор заради спроведување на едукација и хонорари за едукатори.

По завршување на проектот, до Министерството, задолжително се доставува комплетен финансиски извештај и наративен извештај за реализираните средства за изведба на апликативниот проект, најдоцна 15 дена по крајниот рок за имплементација на проектот.

## V. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

Барањето од Дел I на овој јавен повик се доставува во пополнет образец БАРАЊЕ за финансирање на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој, кое се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на субјектот.

Воедно, еден корисник може да поднесе само едно барање за користење на средствата од оваа програма.

Кон барањето се доставува програма за организација односно учество на предвидениот настан со време на одржување на настанот, број на учесници, агенда, предвидени активности и потребни финансиски средства за реализација на активностите.

Барањето со документацијата се доставува во затворен плик преку пошта на адреса: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ул. Аминта Трети број 2, 1000 Скопје, или со предавање во архивата на министерството секој работен ден 9.00 до 15.00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВОРАЈ", а под тоа „за јавен повик за доставување на барање за за финансирање на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој".

Понудите кои нема да ги содржат бараните податоци на овој јавен повик, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

Барањето за финансирање на проекти од областа на земјоделството и руралниот развој може да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.mzsv.gov.mk.

Тел: ++ 389 2 3 144 477

## VI. ПОСТАПКА И ОДОБРУВАЊЕ

Постапката за избор со предлогот за одобрување на барањето ја спроведува комисија формирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Постапката за избор ќе се спроведе и доколку на повикот има доставено само едно барање за реализација на средствата од од Програмата за капитални трансфери за невладини организации од областа на земјоделството и руралниот развој